ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 5.12.2013

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## За учество на ФЗОМ на Регионална Конференција – „Вистински импакт за подобро владеење“

Придобивките од воведување на електронските услуги и административното олеснување за осигурениците, за лекарите, за компаниите и фирмите е тема на презентацијата на м-р Маја Парнарџиева Змејкова, директор на ФЗОМ на **Регионална Конференција – „Вистински импакт за подобро владеење“** што се одржа во рамките на неделата на јавниот сектор на **5-ти декември** во хотелот Александар Палас во Скопје. Конференцијата е во организација на **Мајкрософт** во соработка со **Министерството за информатичко општество и администрација** на Република Македонија.







Како специјален гостин на советувањето, излагањето на директорката Парнарџиева Змејкова, која се осврна на активностите поврзани со електронското работење на Фондот во изминатите две години како и на новините што ФЗОМ ги воведува од јануари 2014 година, како што се, олеснувањата за матичните лекари, за фирмите, за осигурениците, побуди огромен интерес кај аудиториумот. Во однос на електронските услуги што ги нуди Фондот, беше заклучено дека тој претставува лидер и позитивен пример за сите земји во регионот.

Ваквата перцепција, за Фондот претставува поттик, но и обврска во обезбедување на што поквалитетни и што подостапни здравствени услуги за сите чинители на здравствениот систем, при што фокусот се става на континуираното усовршување на електронскиот систем, како темел за поквалитетни здравствени услуги.